**Спецификација за ангажирање на продуценска куќа и ПР агенција за потребите на Проектот „Деца со пречки во вид"**

Продуценската куќа и ПР агенцијата ќе ги имаат следниве задачи:

- Да ја реализираат целосно промоцијата на сите центри кои ќе бидат отворени за време на проектот;
- Промоција на сите активности на дневно ниво кои ќе се случуваат во центрите;
- Секојдневен контакт со медиуми и новинари со кои би се реализирале средби за информирање околу сите активности на проектот, но и за општата состојба на слепите лица во Македонија;
- Организирање на прес конференции при отварањето на центрите во сите градови;
- Да продуцираат видео спотови на темата и за активностите од проектот кои би се емитувале на регионалните телевизии во Македонија и на една национална телевизија. Истите би се емитувале во однапред договорен термин;
- Да реализираат комуникациска стратегија;
- Да организираат промотивни настани за поддигнување на свеста за прекршување на дискриминацијата и стереотипите за слепите лица во Македонија;
- Да ги пренесат животните приказни на слепите лица во Македонија;
- Да помогне преку реализација на низа настани во процесот на интеграција на слепите лица во општеството;
- Посредување, контакти и промоција на проектот и на други настани и со институции;
- Секојдневно контактирање и координација со координаторот и асистентот на проектот;

Условите кои истата треба да ги исполни се следните:

- Да има искуство подолго од 5 години во продуцирање на видео спотови на тематика сродна со активностите кои ќе се спроведуваат како дел од проектот;
- Да има долгогодишно искуство во контакт и соработка со медиуми;
- Да има тим од личности кои се занимавале со контакт со медиуми и соработка со нив;
- Да изготви конкретен план и програма за работа со предлог за конкретни настани за промоција на проектот и за интеграција на лицата во општеството;
- Да има искуство во работа на меѓународни проекти од ваков карактер.